# ПРОПОЗИЦИИ

## Член 1

Организатори на турнирот се : Општина Прилеп – Локална самоуправа и Локален Спортски Сојуз – Прилеп врз основа на Меморандум за соработка број 03-4154/1 од 21.11.2018 година.

## Член 2

Пријавувањето на екипите за турнирот во мал фудбал „Св. Никола“ 2018 година ќе се врши заклучно со **07.12.2018 година до 12.00 часот**, а ждрепката ќе се изврши истиот ден на **07.12.2018 година** попладнето во 18.00 часот. Турнирот започнува на **09.12.2018 година.**

Котизацијата за учество на турнирот во мал фудбал е :

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **За категоријата Сениори** | **5.000.00 ден.** |
| **2.** | **За категоријата Пионери ( во сите генерации )** | **1.500.00 ден.** |
| **3.** | **За категоријата Ветерани (над 40 години и дозволено е двајца од вкупниот број од десет да имаат наполнето 37 години на денот на почетокот на турнирот):** | **3.000.00 ден.** |

Со турнирот ќе раководи Организационен Одбор согласно однапред изготвени пропозиции. Организациониот Одбор за најуспешните екипи во Сениорска категорија, Пионерска категорија за генерации 2005 и 2006 година; генерација 2007 и 2008 година и генерација 2009 година и помлади како и за најуспешната екипа во категоријата Ветерани ќе обезбеди вредни награди.

Во категоријата Сениори награди ќе бидат обезбедени и за **најдобар играч на турнирот** , **најдобар голман** и **најдобар стрелец** ( се сметаат головите постигнати од елиминационите натпревари па се до крајот на турнирот ).

Пропозициите на турнирот се составени од класичните правила за Мал фудбал надополнети со правила од Футсал.

Секоја екипа учесник на турнирот ќе добие Пропозиции, за кои пред ждрепката од страна на претставник од екипата ќе мора да биде потпишана согласност со која се прифаќаат овие Пропозиции.

## Член 3

На турнирот може да учествуваат неограничен број на екипи, кои во првата фаза ќе бидат поделени во групи. Екипите во групите играат по бод систем - секој со секого според Бергеровата таблица во зависност од бројот на екипи во групата. За екипите кои не се од Прилеп, а во интерес на намалување на нивните патни трошоци, доколку сакаат ќе можат во еден ден да одиграат и два натпревари, но тоа ќе бидат последните два натпревари од групата. Од секоја група 1-во и 2-ро пласираната екипа ги продолжуваат натпреварите. После натпреварите во групи, турнирот до самиот крај продолжува да се игра по куп систем со елиминации по претходно изготвената шема.
Исто така и во категоријата на Пионери и Ветерани, во зависност од бројот на пријавени екипи, се планира првата фаза да се игра во групи и тоа секој со секого во групата, а потоа да се играат елеминации до самиот крај. ( Организациониот одбор за овие две категории го задржува правото, во зависност од бројот на пријавени екипи, да го промени системот на натпревари ).

## Член 4

Турнирот во малфудбал „Св. Никола“ 2018 се игра со **5 ( пет )** играчи во поле и плус **1 ( еден)** голман. Минимален број на играчи со кој може екипата да настапи на еден натпревар е **3 (три)** играчи и плус**1 (еден)** голман. Секоја екипа може да биде составена од максимален број на играчи **10 (десет) плус тренер и претставник на екипата. Еден играч на турнирот може да настапи само за една екипа (доколку е пријавен за две екипи се смета како играч на онаа екипа за која прва настапил). Исто така лице кое се јавува во улога на тренер може да биде тренер само на една екипа и да седи на клупата кога игра таа екипа , за друга екипа нема право да биде тренер.**
Екипите кои ќе се пријават заклучно со крајниот рок за пријавување заедно со котизацијата должни се да достават пријавен лист со име на екипата и со минимум од **8(осум)** играчи, за да може Организациониот Одбор на турнирот да одреди носители на групите пред жребувањето, се со единствена цел да се задржи квалитетот и неизвесноста на турнирот до самиот крај. Останатите **2 (два)** играчи до максималниот број до **10(десет)**, екипите се должни да ги пријават докрајот на натпреварите по групи. Допишување на играчи почнувајќи од елиминациите натпревари не се дозволени. Екипите се должни за време на натпреварите од групната фаза за своите играчи да достават лична карта, пасош или биометриска возачка дозвола за идентификација на истите.
За во Пионерска категорија играчите можат да играат само во една група - генерација и тоа во генерацијата во годината во која се родени. Пример: за групата - генерација 2005 и 2006 може да играат играчи родени во 2005 и 2006 година, за групата – генерација 2007 и 2008 може да играат играчи родени во 2007 и 2008 година и за

групата - генерација 2009 и помлади може да играат играчи родени во 2009 година или помлади т.е. 2010 година итн.
За во Пионерската категорија идентификацијата на играчите ќе биде со извод на родените ,здравствена книшка или ученичка книшка.
За во категоријата Ветерани играчите кои ќе играат за екипите треба да имаат наполнето 40 години на денот на почетокот на турнирот, а дозволено е двајца од вкупниот број од десет да имаат наполнето 37 години на денот на почетокот на турнирот. За категоријата Ветерани идентификацијата на играчите ќе биде со лична карта, пасош или биометриска возачка дозвола.

## Член 5

Натпреварите во групите се играат **2 x 15 минути** со пауза меѓу полувремињата од **5 минути**. За запирање на времето се задолжени исклучиво судиите доколку отценат дека има потреба за такво нешто со информирање на записничката маса на лицето кое го мери времето (во случај на повреда, враќање на топката од публика, инцидент и друго). Екипите имаат право на **1 (една)** минута одмор (**time-out**) во текот на едно полувреме. За да се искористи правото за одмор ( **time-out** ) потребно е играта да биде во прекин и екипата што бара одмор (**time-out**) треба при прекинот на играта да е во посед на топката, а сето со претходна најава на записничката маса или кај судијата.

## Член 6

Елиминационите натпревари во **1/8 финале**, **1/4 финале**, **1/2 финале** како и натпреварите за **3-то место** и **Финалето** се играат **2 x 20 минути** со пауза меѓу полувремињата од **5 минути**. За запирање на времето се задолжени исклучиво судиите доколку оценат дека има потреба за такво нешто со информирање на записничката маса на лицето кое го мери времето (во случај на повреда , враќање на топката од публика, инцидент и друго). Екипите имаат право на **1 (една) минута** одмор ( **time-out**) во текот на едно полувреме. За да се користи правото за одмор (**time-out**) потребно е играта да е во прекин и екипата што бара одмор (**time-out**) треба при прекинот на играта да е во посед на топката, а сето тоа со претходна најава на записничката маса или кај судијата.
Последните **3 ( три ) минути** од елиминационите натпревари се играат како ефективна игра со запирање на времето при секој прекин на игра од страна на лицето задолжено на записничката маса – мерач на време.

## Член 7

Во натпреварите во групи, бодувањето на секој натпревар е со **3 (три) бода** за победа, по **1 (еден) бод** за нерешен резултат и **0 (нула) бодови** за пораз. Во случај на нерешен резултат иако екипите добиваат по **1 (еден) бод**, дополнително се изведуваат по **3**

**(три)** пенали од страна на двете екипи. Пеналите се изведуваат од седум метри. Онаа екипа која ќе биде подобра во изведувањето на пеналите во случај на ист број на бодови при утврдување на пласманот во групата ќе има предност во однос на другата екипа.

Пред изведување на пеналите судиите се должни да го изедначат бројот на играчи од двете екипи (според записникот од натпреварот доколку една од екипите е со помалку играчи или за време на натпреварот е исклучен играч од една од екипите). Потоа екипите доставуваат список на **3 (три)** играчи по избор кои ќе ги изведуваат пеналите. Во случај да и после изведените три пенали нема победник се продолжува со наизменично изведување на пеналите по еден играч од страна на двете екипи од играчите кои претходно не изведувале пенал се додека не се добие победник. Доколку и по изведувањето на пеналите од страна на сите играчи од двете екипи нема победник се продолжува со изведување на пеналите по еден од двете екипи но притоа редоследот на изведувачите немора да биде ист. За време на изведувањето на пеналите, голманот може во било кое време да биде заменет со било кој играч од неговата екипа кој учествува во изведувањето на пеналите. Изведувачите пеналот го изведуваат со залет најмногу од цртата која означувва **"девет метри"** од голот, а голманот мора да биде на гол линијата. Сите играчи при изведувањето на пеналите треба да бидат на центарот од теренот за игра, а голманот кој не брани надвор од просторот за **"шест метри"** кај местото за корнер.

## Член 8

Елиминационите натпревари во **1/8 финале**, **1/4 финале**, **1/2 финале** како и натпреварите за **3-то место** и **Финалето** доколку завршат нерешено, за добивање на победник веднаш се изведуваат по **3 (три)** пенали од седум метри.

Пред изведување на пеналите судиите се должни да го изедначат бројот на играчи од двете екипи (според записникот од натпреварот доколку една од екипите е со помалку играчи или за време на натпреварот е исклучен играч од една од екипите). Потоа екипите доставуваат список на **3 (три)** играчи по избор кои отпочнуваат со изведувањето на пеналите. Во случај да и после изведените три пенали нема победник се продолжува со наизменично изведување на пеналите по еден од страна на двете екипи од играчите кои претходно не изведувале пенал се додека не се добие победник. Доколку и по изведувањето на пеналите од страна на сите играчи од двете екипи нема победник се продолжува со изведување на пеналите по еден од двете екипи но притоа редоследот на изведувачите немора да биде ист. За време на изведувањето на пеналите, голманот може во било кое време да биде заменет со било кој играч од неговата екипа кој учествува во изведувањето на пеналите. Изведувачите пеналот го изведуваат со залет најмногу од цртата која означувва **"девет метри"** од голот, а голманот мора да биде на гол линијата. Сите играчи при

изведувањето на пеналите треба да бидат на центарот од теренот за игра, а голманот кој не брани да биде надвор од просторот за **<u>“шест метри“</u>** кај местото за корнер.

## **<u>Член 9</u>**

Утврдувањето на пласманот на екипите во групите се утврдува на следниот начин :

1. Според бројот на освоени бодови;
2. Ако две екипи имаат освоено ист број бодови подобро пласирана е екипата која во меѓусебниот натпревар има подобар исход, доколку натпреварот завршил нерешено предност ќе има онаа екипа која победила во изведувањето на пеналите ( доколку и ова е исто се зема предвид ),
3. Разликата меѓу дадените и примени голови ( гол разлика ), во случај и таа да е иста подобро пласирана е екипата која дала повеќе голови. Доколку и тоа е исто тогаш ,
4. Организациониот одбор пласманот го одлучува со ждрепка.

Утврдувањето на пласманот на три и повеќе екипи со ист број на бодови во групите се утврдува на следниот начин :

1. Со дополнителна табела во која влегуваат резултатите од меѓусебните натпревари што ги одиграле екипите со ист број на бодови, ( доколку збирот на освоените бодови на дополнителната табела е ист ), одлучува
2. Разликата меѓу примените и дадените голови( доколку е иста) одлучува
3. Поголемиот број на постигнати голови ( доколку и тоа е исто ) тогаш
4. Организациониот одбор пласманот го одлучува со ждрепка.

**ДОКОЛКУ КАЈ ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР И ПУБЛИКАТА СЕ ПОЈАВИ СОМНЕЖ ДЕКА ЕКИПИТЕ ВО ГРУПИТЕ ГО МЕСТАТ РЕЗУЛТАТОТ ОД НАТПРЕВАРОТ ВО НИВНА КОРИСТ, СО ШТО ДИРЕКТНО ОШТЕТУВААТ ЕДНА ИЛИ ПОВЕЌЕ ЕКИПИ, ИЛИ ТОА ГО ПРАВАТ ВО НИВНА КОРИСТ ЗА ДА СЕ СТЕКНАТ СО ОДРЕДЕНА ПРЕДНОСТ СО ТОЈ РЕЗУЛТАТ ЗА СМЕТКА НА ТРЕТА ЕКИПА КОЈА ТРЕБА ДА ИГРА ПОСЛЕ НИВ, ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР ПО РАЗГЛЕДУВАЊЕТО НА СИТЕ ОКОЛНОСТИ ИМА ПРАВО ДА ГИ ДИСКФАЛИФИКУВА ЕКИПИТЕ ОД ПОНАТАМОШНИТЕ НАТПРЕВАРИ ИЛИ МОЖЕ ДА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЕДНАТА ОД 3 (ТРИТЕ) ЕКИПИ СО ЖДРЕБКА ДА СЕ ПЛАСИРА ВО ПОНАТАМОШНИТЕ НАТПРЕВАРИ КАКО ПРВОПЛАСИРАНА, А ОСТАНАТИТЕ ДВЕ ЕКИПИ ДА ИГРААТ МАЈСТОРКА ЗА ВТОРОПЛАСИРАНА ЕКИПА. ОВАА МАЈСТОРКА ЌЕ СЕ ОДИГРА ПРЕД ПОЧЕТОК НА ЕЛИМИНАЦИОНИТЕ НАТПРЕВАРИ. ДОКОЛКУ ОВА СЕ**

**СЛУЧИ ВО ФИНАЛНИТЕ НАТПРЕВАРИ НАГРАДИТЕ ЗА ЕКИПИТЕ ЌЕ БИДАТ ДОНИРАНИ ВО ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ, БИДЕЈЌИ И САМИОТ ТУРНИР ИМА И ХУМАНИТАРЕН КАРАКТЕР.**

## Член 10

Екипите кои ќе настапат на турнирот не смеат на своите дресови ( или под дресот на друга маица) или на тренерките доколку ги имаат, да носат било какви натписи или пароли со политичка, религиозна или расна основа која може да предизвика било какви реакции кај противничките екипи или публиката. Доколку се случи ваков инцидент на екипата нема да и биде дозволено да игра и доколку не го отстрани натписот или паролата од дресовите, натпреварот нема да се игра, а екипата ќе биде **ДИСКВАЛИФИКУВАНА** од турнирот.

## Член 11

Доколку некоја екипа или играчи од таа екипа предизвикаат потежок инцидент пред , за време и по натпреварот кон противничката екипа , службените лица (судии) или публиката или го напушти теренот за игра **ЌЕ БИДЕ ДИСКВАЛИФИКУВАНА** од понатамошното натпреварување, а противничката екипа натпреварот ќе го добие со службен резултат 3-0 или со резултатот ако е подобар во моментот на прекинот ако натпреварот бил во тек. Ако ова се случи на Финалните натпревари екипата автоматски ќе ја изгуби и предвидената награда (која ќе биде донирана во хуманитарни цели) како и поединечните награди за најдобар стрелец, голман и играч. Ова Организациониот Одбор го пропишува за да се спречат било какви инциденти на овој турнир кој има и хуманитарен карактер.

## Член 12

Трошоците околу патувањето и престојот за време на турнирот ги сносат самите екипи со нивните играчи.

Доколку настане било каква материјална штета по вина на било која екипа или нивни играч, истата мора да се надомести веднаш или ќе се превземат соодветни законски мерки против екипата и играчот.

Организаторот не сноси одговорност за настаната материјална штета на екипите и учесниците на турнирот вклучително и кражби на предмети.

Организаторот за време на турнирот односно за време на одигрување на натпреварите обезбедува медицинско лице (лекар или физиотерапевт) кој што ќе биде задолжен за

брза интервенција на теренот и третирање на евентуални повреди. Но во случај на потешки несакани повреди во текот на играта или како последица од играта, Организаторот на турнирот не сноси никаква здравствена одговорност и не прави осигурување на екипи и играчи. Играчите настапуваат доброволно на своја лична одговорност.

## Член 13

Натпреварите се играат по однапред утврден распоред кој ќе биде навремено објавен со точна сатница за почеток на натпреварот , а во согласност со распоредот на екипите во групите. За одредувањето на сатницата и термините исклучиво е одговорен Организациониот Одбор.

Составувањето на записникот за натпреварот се прави на записничката маса од страна на записничарот 30 минути пред одигрувањето на натпреварот.

Доколку екипата не се појави на закажаниот термин за почеток на натпреварот и по чекање на **15 минути** , истата натпреварот ќе го загуби со службен резултат од 3-0 за противничката екипа. Доколку доцнењето е најавено и од причини како собраќајна незгода, невреме и др., а кои Организациониот Одбор ги прифати како оправдани и не се по вина на екипата, натпреварот ќе се игра како последен од распоредот за натпревари за тој ден или како прв натпревар наредниот ден од претходно утврдениот распоред на натпревари. Доколку и двете екипи не се појават на закажаниот термин за почеток на натпреварот од неоправдани причини истите се **ДИСКВАЛИФИКУВААТ.**

## Член 14

Сите екипи на турнирот се должни на натпреварите да настапуваат со иста боја на дресови по можност и со број на самиот дрес кој ќе одговара со записникот направен пред самиот натпревар, освен голманите кои треба да имаат различна боја од бојата на дресовите на двете екипи. Во случај да и двете екипи имаат иста или слична боја на дресовите тогаш **"маркери"** носи екипата која на своите дресови го нема името или логото на екипата, доколку и двете имаат или немаат на своите дресови име на екипата или лого тогаш кој да носи **"маркери"** одлучува судијата со фрлање на паричка.

## Член 15

За време на натпреварот во делот на техничкиот простор (клупите за резервни играчи) можат да бидат присутни само лицата внесени во записникот (резервните играчи, тренерот на екипата и претставникот на екипата). Сите останати кои не се внесени во записникот, како и исклучени играчи за време на натпреварот или претходно казнети играчи, не смеат да бидат во техничкиот простор (клупите за резервни играчи) и мора да го напуштат техничкиот простор пред почетокот на натпреварот, во спротивно натпреварот нема да започне.

## Член 16

Екипа која за време на натпреварот на теренот за игра остане со помалку од **тројца играчи** од било кои причини (исклучени играчи; повредени ; немање на резервни играчи) неможе да го продолжи натпреварот, судијата ќе го прекине истиот и натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3-0 за противничката екипа или со резултатот ако е подобар во моментот на прекинот на натпреварот.

## Член 17

За време на натпреварот измените на играчите се летечки и се неограничени и истите се вршат од видливо обележан простор за замени од техничкиот простор. Измената е правилно извршена кога играчот кој што бил во игра прво го напушти теренот за игра, а потоа на негово место влезе резервниот играч. За секоја неправилно извршена замена следува исклучување од **2 (две) минути** на играчот кој предвремено влегол во теренот за игра. Доколку играта е прекината заради ова се изведува индиректен слободен удар за противничката екипа од местото каде што се наоѓала топката во моментот на прекинот. Но доколку има очигледна шанса за гол се остава акцијата да заврши па потоа се исклучува играчот за направениот прекршок.

## Член 18

Просторот означен со **6 (шест) метри** од голот се вика голмански простор во кој голманот има право да игра со рака, прекршоците во овој простор се санкционираат со **казнен удар (пенал)** и истиот се запишува како акумулиран прекршок. Изведувањето на пеналот е од **7 (седум) метри со претходно даден знак на судијата.** (Изведувачот мора да биде јасно идентификуван, а останатите играчи се наоѓаат позади топката и линијата од **“девет метри“**). Внесувањето на топката во игра од **гол-аут** (удар од гол) се прави исклучиво од страна на голманот и тоа со рака во време од **4 (четири) секунди**, а протвничките играчи мора да се надвор **“ шест метри“** и позади линијата која означува

**<u>“девет метри“.</u>** Голманот може да ја исфрли топката во било кој дел од теренот за игра, но постигнувањето на гол од **гол-аут** (удар од гол) не е дозволено доколку претходно топката не ја допрел било кој играч од двете екипи или противничкиот голман, пред таа да влезе во противничкиот гол. Голманот може да постигне гол од својот **<u>„шестерец“</u>** само со нога и доколку топката е во игра. Голманот не смее да ја фати топката со раце кога истата е вратена намерно кон него од страна на негов соиграч кој топката ја удрил со своето стопало (ова не важи кога е вратена со колено , гради и глава без намера да се злоупотребува правилото за враќање на топката кон својот голман).

**Не се дозволува при внесувањето на топката во игра од гол-аут (удар од гол) од страна на голманот со рака, истиот да му ја додаде топката на негов соиграч кој се наоѓа надвор од <u>“шестерецот“</u> , а тој веднаш му ја враќа со глава назад , како и кога играчот намерно, кога топката е во игра, ја поткрева топката со нога и намерно со глава му ја враќа на својот голман, бидејќи со ова го злоупотребува правилото, во овие два случаеви судиите ќе досудат индиректен слободен удар во корист на противничката екипа на линијата од 6 (шест) метри која е најблиска до местото каде се случиле ваквите прекршоци.**

## <u>Член 19</u>

Аут се изведува од местото каде што топката го напуштила теренот за игра. Аут се изведува со нога притоа топката треба да мирува и истата може да биде поставена на надолжната линија или позади надолжната линија. Аутот мора да биде изведен во време од **4 ( четири ) секунди,** доколку не биде изведен за ова време аутот се одзема и се доделува на противничката екипа, доколку при изведувањето играчот со целото свое стопало влезе во теренот за игра аутот се одзема и се доделува на противничката екипа. Од аут не може да се постигне директно гол. При изведување на аутот, играчот од противничката екипа треба да биде одалечен најмалку **3 (три) метри.** Доколку не се придржува до пропишаното растојание со цел да ја задржува играта или го попречи изведувањето на аутот, истиот ќе биде исклучен од страна на судијата со **2 (две) минути** доколку судијата смета дека се работи за неспортско однесување. Доколку топката за време на играта удри во делот од покривот на салата или осветлувањето се изведува аут за противничката екипа од местото кое е во висина најблиску до местото каде топката удрила. Доколку тоа се случи во висина со просторот од **6 (шест) метри** тогаш се изведува гол-аут (удар од гол).

## <u>Член 20</u>

Корнер се изведува со нога од местото означено за корнер, топката мора да мирува и мора да се изведе во време од **4 (четири) секунди**, од корнер може директно да се постигне гол, играчот од противничката екипа треба да биде одалечен од топката

најмалку **3 (три) метри** (да стои на местотото каде се сечат линијата од **<u>“шестерецот“</u>** и **попречната линија т.е. гол линијата**). Доколку не се придржува до пропишаното растојание со цел да ја задржува играта или го попречи изведувањето на корнерот, истиот ќе биде исклучен од страна на судијата со **2 (две) минути** доколку судијата смета дека се работи за неспортско однесување.

## <u>Член 21</u>

При изведувањето на почетниот удар топката може да биде упатена и назад. Од почетен удар може дректно да се постигне гол. При изведувањето на почетниот удар играчите од противничката екипа треба да бидат одалечени најмалку **3 (три) метри.**

## <u>Член 22</u>

На турнирот за мал фудбал „Св.Никола 2018“ како составен дел од фудбалската игра се предвидени и **АКУМУЛИРАНИ ПРЕКРШОЦИ**. Сите досудени директни слободни удари (и пеналот) се акумулирани прекршоци и се бројат за секое полувреме одделно. Секоја екипа која ќе направи повеќе од **5 (пет) акумулирани прекршоци** во текот на едно полувреме, за секој нареден шести, седми итн. акумулиран прекршок ќе биде санкционирана со казнен удар (пенал) од точката која означува **10 (десет) метри,** освен доколку акумулираниот прекршок не е направен поблиску до голот од местото од каде што се изведува казнениот удар од **10 (десет) метри** и се работи за поповолна позиција. Но, изборот од каде ќе се изведува овој удар е по избор на екипата која треба да го изведе ударот за што ќе го информира судијата. Овој директен слободен удар се изведува без поставување на жив ѕид , а останатите играчи треба да се позади топката при изведувањето. Голманот, кој го брани овој удар, не мора да стои на гол линијата, но и не смее да биде поблиску од **5 (пет) метри** до топката. При изведувањето на вакви удари мора да има исход од ударот. Не е дозволено изведувачот да ја додава топката кон свој соиграч. Во ваков случај се одзема ударот и се досудува индиректен слободен удар за противничката екипа.

Судијата има право да дозволи предност на акцијата, а потоа да го евидентира на запсиничката маса акумулираниот прекршок, за кој претходно дал сигнал со двете раце за предност.

Индиректните слободни удари не се акумулирани прекршоци.

Изведувањето на сите директни и индиректни слободни удари треба да биде во време од **4 (четири) секунди** притоа да се исполнети сите услови за изведување на ударот. Доколку се одолговлекува изведувањето тогаш слободниот удар се одзема на екипата и се доделува индиректен слободен удар на противничката екипа од местото каде што претходно требало да се изведе слобониот удар. Противничките играчи треба да се на растојание од **3 (три) метри.** Доколку не го почитуваат ова растојание ќе бидат усно опоменати од судиите, а доколку и понатаму го повторуваат истиот

прекршок и го оневозможуваат изведувањето на правилен начин со предвремено доближување до топката пред таа да биде удрена ќе бидат исклучени со **2 (две) минути.**

## Член 23

Исклучувањето на играчите на овој турнир од страна на судиите ќе биде со **2 (две) минути или со црвен картон** во зависност од тежината на прекршокот.

Исклучен играч со **2 (две) минути,** може да се врати во игра по истекувањето на казната од **2-те (двете) минути** или доколку неговата екипа за тој период прими гол.

Доколку еден ист играч за време на еден натпревар добие две исклучувања од по **2 (две) минути** истиот автоматски ќе добие **црвен картон и нема право да игра до крајот на тој натпревар** и мора техничкиот простор т.е. резервната клупа да ја напушти, по истекот на казната од **2 ( две ) минути** на негово место ќе влезе друг играч. Ваков играч има право да игра за неговата екипа на наредниот натпревар.

Доколку играчот од една екипа за време на натпреварот е исклучен со **директен црвен картон нема право да игра до крајот на тој натпревар** и мора техничкиот простор т.е. резервната клупа да ја напушти, по истекот на казната од **2 (две) минути** на негово место ќе влезе друг играч. Ваков играч од страна на Организациониот Одбор ќе биде дополнително казнет со забрана на играње од еден или повеќе натпревари во зависност од тежината на прекршокот за кој што бил исклучен.

Исто така за време на натпреварот можат да бидат исклучени со **црвен картон** и резервни играчи кои се наоѓаат на резервната клупа како и да се отстрануваат тренерот или претставникот на екипата доколку направат било каков прекршок кој се санкционира со исклучување и црвен картон т.е. отстранување. Во ваков случај екипата си продолжува да игра со истиот број на играчи кој бил во тој момент од натпреварот (нема да се исклучи играч од активните заради црвениот картон доделен на резервниот играч или поради отстранувањето на тренерот или претставникот на таа екипа ).

Доколку судијата дозволи предност на акцијата, а притоа имало прекршок за исклучување од **2 (две) минути** и акцијата заврши со постигнување на гол, екипата останува со истиот број на играчи т.е. не се исклучува играчот што го направил прекршокот бидејќи неговата екипа примила гол, ќе се евидентира само прекршокот како акумулиран на записничката маса за што судијата дал претходно сигнал за предност со двете раце. Во случај прекршокот да бил за **директен црвен картон,** играчот ќе се исклучи и ќе биде отстранет од резервната клупа, но истиот веднаш ќе биде заменет со друг играч пред да биде изведен почетниот удар.

Исто така доколку играч од било која екипа направи инцидент за време на полувремето истиот ќе биде исклучен со **директен црвен картон**, а неговата екипа второто полувреме ќе го почне со еден играч помалку, **друг играч смее да влезе по**

**истекувањето на 2 (двете) минути казна или порано само доколку таа екипи за времето на 2 (двете) минути казна прими гол.**

За време на натпреварот доколку едната екипа која игра со еден играч помалку заради исклучување и прими гол, исклучениот играч (може и друг играч) пред да се изведе почетниот удар, треба да се врати во игра.

Доколку двете екипи имаат исклучено по еден играч или по двајца играчи, притоа се постигне гол во тој случај и двете екипи го продолжуваат натпреварот со истиот број на играчи (не влегува играч кај екипата што примила гол ).

Доколку едната екипа игра со шест играчи а другата со четири играчи или едната екипа игра со пет играчи а другата со три играчи, и екипата со поголем број на играчи постигне гол, екипата со помал број на играчи може да врати само еден исклучен играч пред да се изведе почетниот удар.

Доколку гол постигне екипата со помалку играчи (еден или повеќе ) бројот на играчите кај таа екипа останува ист.

Мерењето на казната од **2 ( две ) минути** за исклучените играчи го врши записничката маса и истата дава дозвола за влегувањето на играчот после истекот на казната.

## Член 24

Паричните награди ќе бидат доделени безготовински на добитниците, при што организаторот е должен да плати персонален данок.

Секоја екипа која што ќе освои парична награда е должна да достави жиро сметка на спонзорот на екипата или трансакциска сметка на едно лице кое е член на екипата за да се изврши трансферот на паричната награда.

## Член 25

Секоја екипа има право на жалба по однос на одиграниот натпревар по неговото завршување во писмена форма која ја доставува до Организациониот Одбор, кој во најкраток рок донесува одлука по однос на жалбата.

За се она што не е опфатено со овие пропозиции, во случај на било какво недоразбирање Организациониот Одбор ќе се повика на постоечки Правилници и Пропозиции за мал фудбал и футсал од страна ФФМ.

Прилеп Организатор

07.12.2018

________________________